Врз основа на член 126 став 1 алинеја 14 од Законот за основно образование и член 71 став 1 алинеја 15 од Статутот на ООУ „11 Октомври“ – Скопје, Центар, а согласно со Одлуката за давање на користење училишен простор и спроведување на други активности во врска со основните училишта на Општина Центар - Скопје од Советот на Општина Центар бр.08-4089/42 од 18.09.2018 година Училишниот одбор на ООУ „11 Октомври“ – Скопје, Центар на ден 25.10.2018 година донесе

ПРАВИЛНИК
ЗА КОРИСТЕЊЕ НА УЧИЛИШНИТЕ СПОРТСКИ ОБЈЕКТИ
(ФИСКУЛТУРНА САЛА, СПОРТСКА САЛА „МАКЕДОНСКО СОНЦЕ“ И СПОРТСКИ ТЕРЕНИ)

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој Правилник се уредуваат условите и начинот на давање на користење на спортските објекти во ООУ 11 Октомври – Скопје, Центар од страна на спортски клубови, здруженија, и други правни и физички лица (во натамошниот текст: корисник) и други прашања поврзани со користењето на спортските објекти.

Член 2

Спортски објекти, во смисла на овој Правилник, со кои располага ООУ 11 Октомври – Скопје, Центар се:

1. спортски објекти во затворен простор (во натамошниот текст: спортски сали)
   - фискултурна сала - со површина од 270 м2, терен со паркет подлога, 2 (две) соблекувални и
   - Спортска сала „Македонско Сонце“ - со површина од 1200 м2, терен со гумена подлога, трибини со 358 седишта, 2 (две) соблекувални и тоалет со туш кабини

   спортски објекти во затворен простор

2. спортски објекти во отворен простор – спортски терени

Член 3

Училишните спортски сали (фискултурната сала и Спортската сала „Македонско сонце) се наменети првенствено за потребите на наставата по физичко и здравствено образование.

За време на наставата училишните спортските сали се користат за реализација на наставната програма по физичко и здравствено образование, за воннаставните активности, за работа на училишниот спортски клуб, за други ученички активности и за подготовка на наставниците по физичко и здравствено образование за настава.

За време на користење на училишните спортски сали за потребите на училиштето наведени во став 2 на овој член , одговорно лице е наставникот по физичко и здравствено образование за

учениците во предметна настава или одделенскиот наставник за учениците во одделенска настава.

ООУ 11 Октомври – Скопје, Центар, за потребите наведени во став 2 на овој член, по правило ги користи салите во работните денови од 08.00 до 16.00 часот.

Составен дел на овој Правилник се Правилата за однесување на учениците и наставниците во училишните спортски сали (Прилог 3).

II. УПОТРЕБА И НАМЕНА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА УЧИЛИШНИТЕ СПОРТСКИ ОБЈЕКТИ

Член 4

Спортските објекти и терените првенствено се користат од страна на ООУ 11 Октомври – Скопје, Центар, а по завршување на наставата односно од 16.00 часот до 23.00 часот, можат да се дадат на користење на други корисници, со тоа што употребата на просторот нема да влијае:

- на безбедноста на учениците, како и врз лицата што ќе го користат училишниот простор,
- на текот и квалитетот на воспитно- образовниот процес,
- намената за која се користи просторот да не предизвикува негово оштетување.

Член 5

Спортските објекти и терените од член 2 на овој Правилник можат се даваат на користење за следнава намена:

- Спортски редовен тренинг
- Спортска рекреација
- Спортски натпревари (пријателски, куп и службени лигашки натпревари) и турнири (јубилејни, меморијални и други турнири)
- фолклорни ора и танци
- Манифестации (општествени, културни, хуманитарни)

III. КОРИСТЕЊЕ НА УЧИЛИШНИТЕ СПОРТСКИ ОБЈЕКТИ

Член 6

По завршување на наставата, Училишните спортски објекти можат да се дадат на користење на правни и на физички лица (во понатамошниот текст: корисници), за спорт, рекреација и други активности предвидени во член 5 од овој Правилник, исклучиво под надзор на стручно, одговорно лице овластено од корисникот. Вработени во училиштето не можат да се јават како корисници.

Член 7

Училишните спортски објекти можат да се дадат на користење врз основа на Одлука за објавување оглас за давање училиштен простор на користење донесена од Училишниот одбор, а по претходно добиена согласност од Градоначалникот на Општина Центар-Скопје.

Одлуката од став (1) на овој член содржи:

-дефинирање, односно прецизно определување на просторот што ќе се дава на користење

- намена на просторот што ќе се користи

- времетраење и начин на користење на просторот (по час термин)

- висина на надоместокот за користење на просторот по час термин (без ДДВ)

- услов употребата на просторот да не влијае врз безбедноста на учениците и врз квалитетот на воспитно-образовниот процес и

- други прашања во врска со давање на користење на Училишните спортски објекти.

Член 8

Директорот на училиштето формира комисија за спроведување на постапката за давање училишниот простор на користење.

Член 9

Огласот за давање училиштен простор на користење треба да ги содржи следниве Критериуми, а кои се услов за да се склучи договор:

- придонес за развој на спортот на локално и на државно ниво
- натпреварувачки успеси во лига-системи
- работа со млади категории
- значајни резултати постигнати во областа на уметноста, литературата, музичките и драмските активности или поттикнување на надарени ученици за откривање нови знаења

– рекреација.

Член 10

Корисникот е должен да овозможи бесплатно користење на услугите, кои се предмет на договорот, за најранливите социјални категории деца - деца во социјален ризик што се ученици во училиштето.

Член 11

Врз основа на објавениот оглас, Училишните спортски објекти можат да се дадат на користење за определен период, во определени термини (по час), за што Корисникот подигнува тендерска документација со оригинални обрасци и со доставување на бараната документација за докажување на неговата лична состојба и на неговата способност за вршење на професионална дејност, како и на оригиналниот образец за конкретно бараниот простор, со барани термини и саати и период на користење, се склучува договор за давање простор на користење помеѓу ООУ 11 Октомври – Скопје, Центар како давател на простор на користење и корисникот.

Член 12

Со договорот за давање простор на користење се утврдуваат меѓусебните права, обврски и одговорности што произлегуваат од предметот на договорот.

Договорот за користење содржи:

- страни на договорот
- предмет на договорот
- намена за која се користи просторот

- времетраење на користењето
- цена и начин на плаќање
- обврски на корисникот во согласност со намената на договорот
- обезбедување на исполнувањето на побарувањето од договорот
- услови за раскинување на договорот
- други прашања од значење за реализација на договорот.

Член 13

Договорот за давање училиштен простор на користење се склучува за период од 1 (една) учебна година, но во исклучителни случаи, по потреба, и за подолг или за пократок временски период.

Член 14

Пред склучување на договорот за давање простор на користење на училишните спортски објекти ООУ 11 Октомври – Скопје, Центар е должно да го запознае Корисникот со овој Правилник и со Куќниот ред за училишните спортските сали, а со потпишување на договорот Корисникот потврдува дека е запознат со наведените акти и дека ќе постапува согласно истите.

Член 15

Корисникот има право да го користи просторот, што е предмет на договорот за користење, во точно утврдените (барани) термини и само за извршување на дејностите за коишто е регистриран согласно намената на истите.

Член 16

Училишните спортски објекти се користат исклучиво според утврден распоред (договорен термин) и се користат по 1 (еден) час.

Член 17

Корисникот не може просторот да му го даде на користење на друг или според некој друг основ да му го предаде на употреба.

IV. НАЧИН, УСЛОВИ И РОКОВИ НА ПЛАЌАЊЕ

Член 18

Корисникот е должен за користењето на училишните спортски објекти да плаќа надомест за користените термини согласно склучениот договор.

Член 19

Висината на надоместот за користење на училишните спортски објекти е утврден во Листа на цени утврдена од Општина Центар врз основа на проценка на овластен проценител (Прилог 1).

Член20

Надоместок за користење на училишниот простор се определува и плаќа во денари.

Член 21

Надоместок за користење на училишниот простор се изразува во нето износ – без ДДВ. Данокот на додадена вредност во висина од 18% се изразува посебно во фактурата.

Член 22

Корисникот е должен пред почетокот на користење на договорените термини да подигне фактура за користење на договорените термини, и во рок од 5 дена од приемот на фактурата да го подмири износот наведен во фактурата.

Член 23

За ненавремено плаќање на надоместокот, веднаш ќе се пристапи кон наплата на истиот преку надлежен нотар и извршител.

Член 24

Неплаќањето на два месечни надоместоци за користење на просторот во текот на времетраењето на важноста на договорот, или едностранo предвремено раскинување по писмено доставено барање на корисникот на просторот, претставува причина за раскинување на Договорот за давање простор на користење и во тој случај Корисникот е должен во рок од 5 дена од денот на раскинувањето да му плати на Давателот договорна казна.

Член 25

Корисниците физичките лица – рекреативци, кои се заинтересирани за користење на училишните спортски објекти, се должни да именуваат одговорно лице кој ќе биде потписник на договорот и кој ќе сноси одговорност по основ на сите права и обврски кои произлегуваат од склучениот договор, како и за сите спорови кои евентуално би произлегле.

Член 26

По исклучок, а врз основа на Одлука на Советот на Општина Центар училишните спортски објекти можат да се дадат на користење без надомест на спортски клубови опфатени со Програмата на Општина Центар.

V. УПОТРЕБА НА ОПРЕМАТА И НА ИМОТОТ

Член 27

Корисникот е должен при користењето на училишните спортски објекти да се однесува со должно внимание и да го почитува Куќниот ред.

Член 28

Корисникот на училишните спортски сали должен е да се придржува на Куќниот ред за користење на училишните спортски сали кој се наоѓа во прилог на овој Правилник (Прилог 2).

Член 29

Корисниците за време на користење на просторот (училишните спорски сали) должни се да се однесуваат коректно и одговорно, и истиот да го чуваат со внимание на добри домаќини и да спречат настанување на било каква штета од страна на било кое лице за време на користењето на просторот, и по завршување на своите спортско-рекреативни активности да ги остават салите и соблекувалните во уредна состојба.

Член 30

Корисниците за време на користење на просторот (училишните спорски сали) должни се да ги заштитат и обезбедат материјалните добра, како и да ја гарантираат безбедноста, здравјето и животот на своите членови непосредно пред одржување, за времетраење и непосредно по завршувањето на своите спортско-рекреативни активности.

Член 31

Со спортските реквизити и спортската опрема поставени во училишните спортски објекти треба да се ракува внимателно, под задолжителен надзор на тренерот или наставникот кој во име на корисникот ја спроведува соодветната активност - предмет на склучениот договор.

Член 32

Во училишните спорски сали е забрането:

- секое однесување кое ја попречува играта на терен
- секое непримерно однесување кое го нарушува мирот и спортската дисциплина.
- забрането е да се игра без спортска опрема или облека која не соодејствува со спортската култура
- забрането е внесување на алкохолни пијалоци, храна, наркотични средства и оружје.
- забрането е користење на училишните спорски сали во алкохолизирана состојба.
- забрането е пушење во училишните спорски сали и во соблекувалните
- забрането е фрлање на отпад.

Член 33

Доколку тренерот или наставникот не се присутни, лицето кое се грижи за безбедноста на објектот - чуварот на училиштето не смее да ги дава клучевите од салите на спортистите или на учениците, нити да им дозволи влез во салата за тренинг или настава.

Член 34

Лицето кое се грижи за безбедноста на објектот - чуварот на училиштето е должен:

- да врши контрола на користењето на училишните спорски сали, опремата и соблекувалните, со тоа што на почетокот и на крајот на секој термин должен е да ги прегледа салите и инвентарот и записнички да ги утврди евентуалните дефекти, недостатоци, оштетувања и слично;
- да врши контрола на редот и дисциплината во училишните спорски сали односно да врши контрола дали корисниците се придржуваат на правилата на однесување утврдени со Куќниот ред;
- да врши контрола дали корисниците располагаат со соодветна спортска опрема;
- да спречи користење на училишните спорски објекти за активности за кои не се наменети;

- да спречи оштетување, уништување на опремата и имотот во училишните спорски објекти од страна на корисниците;
- во случај на потреба ги известуваат надлежните органи на МВР (192), противпожарна бригада (193, службата за пружање на итна медицинска помош (Брза помош 194);
- ги отстрани лицата од училишните спортски објекти кои не се придржуваат на Куќниот ред, кои не располагаат со соодветна спортска опрема, кои прават неред или се под влијание на алкохол. Доколку не го напуштат објектот или и понатаму го прекршуваат Куќниот ред, лицето кое се грижи за безбедноста на објектот - чуварот на училиштето должен е да повика полиција.

Член 35

Корисниците можат да ги извршуваат своите активности во училишните спортски објекти под услов:

- со своето однесување да не ги загрозуваат или повредуваат другите корисници;
- да ги спроведуваат своите активности во согласност со спортските правила, со своите знаења и со условите кои постојат во училишните спортски објекти, како и во согласност со бројот на корисниците кои го користат објектот;
- во случај на повреда на спортскиот терен да укажат помош на другиот;
- да ги почитуваат упатствата на лицето кое се грижи за безбедноста на објектот - чуварот на училиштето;
- да користат соодветна спортска опрема;
- да не остават на спортските терени предмети кои можат да ја попречуваат или загрозат безбедноста на другите корисници;
- да не ги користат училишните спортски објекти доколку се под дејство на алкохол или на некој психоактивен лек, односно средство кое негативно влијае на нивната способност;
- да ги почитуваат и да се придржуваат на правилата на однесување утврдени во Куќниот ред за користење на училишните спортски објекти.

Член 36

На секое лице кое ќе го нарушува редот и нема да ги почитува правилата за однесување, предмет на овој Правилник и Куќен ред, нема да му биде овозможено влез во училишните спорски сали.

Член 37

Секое недолично однесување за време на користењето на училишните спорски сали, како и секое намерно уништување на инвентарот и опремата, на sидните и подните површини во користениот простор, ќе се санкционира со отстранување на корисникот од салата, како и со целосен надомест на сите настанати штети во користениот простор од страна на корисникот.

Член 38

Сите штети кои ќе настанат за времето на користењето на просторот, а кои штети ќе бидат констатирани со записник веднаш по завршувањето на спортско-рекреативната активност од страна на лицето одговорно за безбедноста на објектот – чуварот, корисниците се должни

најдоцна во рок од 3 (три) дена во целост да му ги надоместат на ООУ 11 Октомври – Скопје, Центар со санација на направената штета.

Член 39

Корисниците се должни сами да си ги обезбедат реквизитите за одржување на своите активности (тренинг, натпревари, рекреација и слично) и по завршување на својата спортско-рекреативна активност мораат истите да ги отстранат од користениот простор.

Член 40

Секое лице кое нема да ги почитува инструкциите за користење на спортските реквизити и спортската опрема дадени од страна на корисникот (тренерот или наставникот) ја превзема одговорноста да ја надомести целокупната штета што може да настане од неправилно користење на истата или доколку себе си си нанесе штета од неправилно користење на истата, ООУ 11 Октомври – Скопје, Центар нема да биде одговорно за истата.

Член 41

Секое лице кое ќе увиди дефект на било кој спортски реквизит или спортската опрема е должно веднаш да го пријави дефектот кај вработените или кај лицето одговорно за безбедноста на објектот – чуварот во ООУ 11 Октомври – Скопје, Центар заради заштита од несакани последици.

VI. ПОСТАПУВАЊЕ ВО ВРСКА СО КОРИСТЕЊЕТО НА УЧИЛИШНИТЕ СПОРТСКИ ОБЈЕКТИ И СО СТВАРИТЕ И ПРЕДМЕТИТЕ НАЈДЕНИ ВО НИВ

Член 42

За сите свои лични работи (мобилни телефони, накит, паричници, торби, лични документи итн.) корисниците се лично одговорни. ООУ 11 Октомври – Скопје, Центар не превзема одговорност за предметите и стварите кои се изгубени или оставени во објектот за време или по завршување на активноста на корисникот во училишниот спортски објект, нити во случај на кражба или оштетување на истите.

Член 43

Во случај во училишниот спортски објект, по завршување на активноста на корисникот, да се најдат изгубени или заборавени ствари или предмети, лицето кое се грижи за безбедноста на објектот - чуварот на училиштето, пронајдената ствар или предмет записнички ќе ја попише и ќе ја заклучи во просторијата на чуварите.

Доколку се работи за службен личен документ, за пари или за предмети со поголема вредност, истите записнички ќе се попишат и со примерок од записникот ќе се достават до надлежна полициска станица.

Член 44

Пронајдените ствари или предмети ќе се чуваат најдолго 30 (триесет) дена и со истекот на тој рок записнички ќе се уништат, а ако се работи за ствар или предмет со одредена употребна вредност може записнички да се предаде на одредена каритативна, хуманитарна, социјална или друга слична установа.

VII. СИГУРНОСТ И ОДГОВОРНОСТ НА КОРИСНИЦИТЕ

Член 45

Секое лице ги користи просторот и опремата во училишните спортски сали на свој сопствен ризик.

Член 46

ООУ 11 Октомври – Скопје, Центар не превзема никаква одговорност за евентуални штетни последици доколку лицата кои ги користат училишните спортски објекти не смеат да спортуваат поради лична лоша здравствена состојба.

Член 47

ООУ 11 Октомври – Скопје, Центар не презема никаква одговорност за било каква штета кон трети лица која би настанала од дејноста и активноста која ја вршат корисниците на училишниот простор за време на користење на училишните спортски објекти согласно склучениот договор.

Член 48

ООУ 11 Октомври – Скопје, Центар не превзема никаква одговорност за евентуални настанати повреди на корисниците на просторот (на нивните членови), доколку истите настанат од сопствено неодговорно постапување и однесување или поради неовластено, недозволено или нестручно користење на опремата и реквизитите кои се наоѓаат во училишните спорски сали.

Член 49

ООУ 11 Октомври – Скопје, Центар не сноси одговорност во случај на несреќа на корисниците на просторот (на нивните членови), настаната непосредно пред одржување, за времетраење и непосредно по завршувањето на своите спортско-рекреативни активности, а до која дошла поради нивно невнимание или поради неспроведување на пропишаните мерки за заштита односно сигурност.

Член 50

Корисниците се должни да побараат помош од лицето кое се грижи за безбедноста на објектот - чуварот во пријавницата која се наоѓа на влезот од училиштето при евентуални повреди (исекотини, отоци настанати при удар и сл.).

Член 51

Доколку ООУ 11 Октомври – Скопје, Центар има склучено полиса за осигурување на лица од последици на несреќен случај – Незгода каде како осигуреници се јавуваат ученици на ООУ 11 Октомври – Скопје, Центар кои се членови кај корисниците на просторот, одговорноста од несакани повреди и други последици ја префрла на осигурителната компанија која ги обештетува доколку утврди дека има основа за тоа, во спротивно истите немаат право на обештетување од страна на ООУ 11 Октомври – Скопје, Центар.

Член 52

Во случај ученици на ООУ 11 Октомври – Скопје, Центар кои се членови кај корисниците на просторот да бидат обештетени од осигурителната компанија со која училиштето има склучено полиса за осигурување на лица од последици на несреќен случај – Незгода, истите немаат право на дополнително обештетување од ООУ 11 Октомври – Скопје, Центар .

VIII. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 53

Составен дел на овој Правилник се:

- Листа на цени утврдена од Општина Центар врз основа на проценка на овластен проценител (Прилог 1)
- Куќниот ред за користење на училишните спортски сали(Прилог 2)
- Правилата за однесување на учениците и наставниците во училишните спортски сали (Прилог 3).

Член 54

Правилникот за користење на училишните спортски објекти и Куќниот ред за користење на училишните спортски сали се составен дел на договорот за давање училишен простор на користење склучен со корисникот.

Член 55

Овој Правилник стапува на сила со денот на негово донесување и негово објавување на официјалната веб страна на училиштето .

Изготвил: М.Толевска

Бр. 01-471/3
Скопје, 31.10.2018

Претседател на
Училишен одбор
Владо Томовски